

# БОЖУРСКИ

Ликовен салон Титов Велес
Декември 1990 година

## ГОЦЕ ЈАКИМОВСКИ – БОЖУРСКИ

Роден е 1958 г. во Куманово. Историја на уметност дипломирал 1984 г. во Скопје, кај Проф. д-р. Б. Петковски. член е на ДЛУК од 1985 г. и на ДЛУМ од 1989 г. Се занимава и со ликовна критика. Автор е на повеќе предговори за каталози, осврти, критики и рецензии. Објавувал во "Беседа", "Наш весник", "Современост", "Ликовни живот" и др.

Контакт адреса: "Ѓорче Петров" 13, 91300 Куманово тел: 0901–30–428

Самостојни изложби:
1983 Врање, Дом на ЈНА
1986 – Белград, Галерија "БИГЗ"
1988 – Штип, Уметничка галерија "Безистен"

Групни изложби /избор/:
Од 1985–1990. – На сите изложби што ги организирало ДЛУК /Куманово, Битола, Врање, Штип и др./
1985 – Гаџин Хан, Ликовна колонија "16 Воденици"
– Врање, Бујановац, Куманово, Св. Николе, Струмица, Ликовна колонија "Прохор Пчински"
1987 – с. Белчишта, Дом на културата и Охрид, Изложбен салон на Домот на културата "Григор Прличев", Уметничка колонија" Дебарца"
1988 – Штип, Уметничка галерија "Безистен", Современо македонско сликарство /од колекцијата на Галеријата/
– Охрид, Изложбен салон на Домот на културата" Григор Прличев", Уметничка колонија "Дебарца" /избор/
1989 – Скопје, Музеј на Макеоднија, Македонските уметници за Ерменија
– Кикинда, Народен музеј, Салон младих
– Скопје, МСУ, Биенале на младите
– Белград, Југословенските уметници за Ерменија
– Скопје, Салон на ДЛУМ, Новопримени членови
1990 – Скопје, Центар за култура и информации, Мал формат
– Куманово, Уметничка галерија, Мајски салон
– Скопје, Галерија "ГЛАМ", Есенски ликовен салон – 68 македонски автори

Награди:
1985 – Скопје, I награда за сликарство, Центар за култура и информации – Гаџин Хан, I награда на Ликовната колонија "16 Воденици"
1988 – Куманово, II награда на ДЛУК

Немирот и перманентното истражување, како основен белег во творештвото – творечката тензија и поимањата воопшто во уметноста, произлегуваат и се носители на определбата, Божурски, од досегашната преокупација во сликарството, да ги претстави вредносните аспекти на дејствувањето и во сферата на цртежот, каде е нагласен стремежот за достигнување и освојување на нови, творечки хоризонти, раководејќи се пред се од механизмот на индивидуалната определеност, со нерв и имагинација потикнати од сопствената ”внатрешна лабораторија”, стремејќи се за една потреба кон изразување на посинтетичен и поснажен начин, коодифицирајќи и систематизирајќи една визија на сопствениот сензибилитет.

Како резултат на повеќегодишната континуирана опсервација на објектот – лубеница /мотив во сликите на божурски/ сосема спонтано настана циклусот на цртежи, што ја претставуваат оваа експозиција.

Пред се, Божурски почна да го дезинтегрира објектот, во чија внатрешност се извршени сецирања, вдлабнување, расчленувања, со тоа што некои составни делови станаа самостојни целини во облик на засебни ”објекти”, со чиста педантно геометриска оформеност на цртежот, со асоцијативна ориентација на новата мисловна–психолошка визија, фокус на комплексот рационални, чувствени и естетски соопштувања. Во нив е содржана пораката оди еден нов тип, /што значи внатрешно преобликување на претходната идејна естетска клима/ асоцијативна композиција која дава одреден геометризам во главно лирски интонирана, реализирана со слободен потег, каде објектот се претвара во пулсација, ритам, арабеска и знак, давајќи и друга димензија со современ ликовен сензибилитет.

При вакво сосредоточување на еден детаљ, Божурски поцелосно го развива неговиот обликовен состав, ја испитува /напати и несвесно/ смислата на нивното изделено постоење. Притоа во изборот е водено грижа, тоа да бидат пак структури со вредности, најчесто со примена на одредена строга композициона логика. Тој често интервенира врз некои делови за повеќе да ги ”Приспособи” кон својата естетска свест, со калористичко акцентирање, тие се доведени до степен на ”лабораториска анализа”, на изразните можности скриени во нив, со внимателно расработен однос на структурите на јадрото, на начин што провоцира, колку некои оптички ефекти мошне рафинирано постигнати, толку, и одредени емотивно–психолошки реакции. А тоа значи, поединечно секое дело содржи нуклеус кој се развива до апстрактум. Нуклеусот е силен дотолку, ако експлодира во безброј различни асоцијации.

Сето ова доведува до констатација дека Божурски достигнал до една етапа на својата еволуција во творештвото, кое сведочи елоквентно за талентот и инвентивноста на творец кој ветува.

ТОДОРКА АНДОВА

КАТАЛОГ

1. Карпус А, 1988, комб. тех. 310 X 350 мм
2. Предел 10, 1988, туш 700 X 500
3. Еролит А, 1988, комб. тех. 550 X 500
4. Порта, 1988, туш, 700 X 500
5. Карпус, 1989, комб. тех. 500 X 400
6. Еролит 2, 1989, комб. тех. 700 x 500
7. Еролит, 1989, туш, 700 x 500
8. Еролит, 1989, комб. тех. 530 X 410
9. Цртеж 4, 1989, комб. тех. 700 X 500
10. Асоцијација, 1989, комб, тех. 300 x 250
11. Цртеж – ј, 1989, комб. тех. 300 X 2500
12. Карпус – Б, 1989, комб. тех. 310 X 350
13. Цртеж, 1989, туш, 260 X 230
14. Карпус – Еролит, 1989 , комб. тех. 260 X 230
15. Еролит М–1, 1989, комб. тех. туш,
16. Апсида, 1989, комб. тех. 300 X 330
17. Еролит М, 1990, комб. тех. 700 X 500
18. Цртеж, 1990, комб. тех. 410 X 350
19. Помен, 1990, комб. тех. 500 X 700
20. Цртеж 5, 1990, комб. тех. 495 X 700
21. Еролит, 1990, комб. тех. 700 X 500
22. Цртеж 6, 1990, комб. тех. 495 X 700
23. Асоцијација, 1990, комб. тех. 495 X 700
24. Еролит торзо, 1990, комб. тех. 300 X 250
25. Цртеж БИ, 1990, комб. тех. 260 X 230
26. Еролит 1990, комб. тех. 260 X 230
27. Еролит – М4, 1990, комб. тех. 400 X 500
28. Карпус М 8, 1990, комб. тех. 260 X 230
29. Цртеж 3, 1990, комб. тех. 260 X 230
30. Карпус М10, 1990, комб. тех. 260 X 230

ИЗДАВАЧ: НАРОДЕН МУЗЕЈ ТИТОВ ВЕЛЕС
ЗА ИЗДАВАЧОТ: ПАВЛИНА ВАСИЛЕВА
ПРЕДГОВОР И КАТАЛОГ: ТОДОРКА АНДОВА
ФОТОГРАФИЈА: БОРЕ ЛЕФКОВ
ПЕЧАТ: ТИПОГРАФИЈА – Т. ВЕЛЕС
ТИРАЖ: 200 БРОЈА

БОЖУРСКИ
Ликовен салон Титов Велес
Декември 1990 година



